*Број: 02 - 8638/2*
*21.10.2010 година*
*С к о п ј е*

**ЗАПИСНИК**
**од LXXXII -та седница на Управниот одбор на**
**Фондот за здравствено осигурување на Македонија,**

*одржана на 24.06.2010 година со почеток во 11.00 часот*
*во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

**Присутни членови на Управниот одбор:**

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член.*

**Отсутни членови на Управниот одбор:**

- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член*

**Присутни од ФЗОМ:**

- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *М-р Маја Парнарциева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*
- *Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии;*

- *Кристина Христова, директор на одделението за фармација (делумно присутна);*
- *Др.Љубица Јосифовска, стручен соработник во одделението за преговарање и договарање (делумно присутна);*
- *Лидија Маркузанова, раководител на сектор за човечки ресурси (делумно присутна);*
- *Даниела Јовческа - Ѓуровска, шеф на одделот за примарна здравствена заштита, во својство на записничар.*

*Седницата ја отвори претседателката на Управниот одбор Елена Трпковска. Утврди дека на седницата се присутни пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, по што го изложи претходно доставениот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од LXXIII -та седница на Управниот одбор одржана на 10.03.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXIV -та седница на Управниот одбор одржана на 17.03.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXV -та седница на Управниот одбор одржана на 24.03.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXVI -та седница на Управниот одбор одржана на 29.03.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXVII -та седница на Управниот одбор одржана на 31.03.2010 година;*

1. *Правилник за критериумите за склучување договори и постапката за остварување на правото и начинот на плаќање на здравствените услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување во здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита;*
2. *Барање за остварување на правото за биомедицинско потпомогнато оплодување (БПО);*
3. *Протокол за БПО на товар на средствата на Фондот за здравствено осигурување;*
4. *Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Мала Богородица- Систина Скопје, за месец август 2010 година за здравствени услуги од областа на БПО, Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Општа болница Ремедика Скопје, за месец август 2010 година за здравствени услуги од областа на БПО, Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ*

*Плодност Битола, за месец август 2010 година за здравствени услуги од областа на БПО, Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Ултрамедика Скопје, за месец август 2010 година за здравствени услуги од областа на БПО, Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Др. Органциски Штип, за месец август 2010 година за здравствени услуги од областа на БПО и Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Св. Лазар Хоспитал Скопје, за месец август 2010 година за здравствени услуги од областа на БПО;*

5. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко - консултативната здравстена заштита;*
6. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски;*
7. *Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на Приватната здравствена установа „Дијамед" - Скопје за третирање на осигурените лица со хемодијализа во третиот квартал на 2010 година;*
8. *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната здравствена заштита за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*
9. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*
10. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
11. *Информација за наплата на досудени судски трошоци;*
12. *Годишен извештај на ФЗОМ за 2009 година;*
13. *Барање од Коалицијата на здруженија на граѓани;*
14. *Информација за терцијална дејност;*
15. *Разно;*

*15.1.Преглед на буџетска пресметка за 2010 година;*

*15.2. Одлука за измена и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
*15.3. Барање од Др. Катерина Јовановска од ПЗУ Мултимед Плус Поликлиника Ѓорче Петров Скопје*

*Потоа праша дали има други предлози во врска со дневниот ред на седницата.*

*Бидејќи такви предлози немаше, Управниот одбор едногласно го усвои следниот*

## *Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од LXXIII -та седница на Управниот одбор одржана на 10.03.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXIV -та седница на Управниот одбор одржана на 17.03.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXV -та седница на Управниот одбор одржана на 24.03.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXVI -та седница на Управниот одбор одржана на 29.03.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXVII -та седница на Управниот одбор одржана на 31.03.2010 година;*

1 *Правилник за критериумите за склучување договори и постапката за остварување на правото и начинот на плаќање на здравствените услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување во здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита;*
2 *Барање за остварување на правото за биомедицинско потпомогнато оплодување (БПО);*
3 *Протокол за БПО на товар на средствата на Фондот за здравствено осигурување;*
4 *Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Мала Богородица- Систина Скопје, за месец август 2010 година за здравствени услуги од областа на БПО, Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Општа болница Ремедика Скопје, за месец август 2010 година за здравствени услуги од областа на БПО, Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Плодност Битола, за месец август 2010 година за здравствени услуги од областа на БПО, Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Ултрамедика Скопје, за месец август 2010 година за здравствени услуги од областа на БПО, Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Др. Органџиски Штип, за месец август 2010 година*

*за здравствени услуги од областа на БПО и Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Св. Лазар Хоспитал Скопје, за месец август 2010 година за здравствени услуги од областа на БПО;*

5 *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко - консултативната здравстена заштита;*

6 *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски;*

7 *Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на Приватната здравствена установа „Дијамед“ - Скопје за третирање на осигурените лица со хемодијализа во третиот квартал на 2010 година;*

8 *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната здравствена заштита за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*

9 *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*

10 *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

11 *Информација за наплата на досудени судски трошоци;*

12 *Годишен извештај на ФЗОМ за 2009 година;*

13 *Барање од Коалицијата на здруженија на граѓани;*

14 *Информација за терцијална дејност;*

15 *Разно;*

*15.1.Преглед на буџетска пресметка за 2010 година;*

*15.2. Одлука за измена и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

*15.3. Барање од Др. Катерина Јовановска од ПЗУ Мултимед Плус Поликлиника Ѓорче Петров Скопје*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од LXXIII -та седница на Управниот одбор одржана на 10.03.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXIV -та седница на Управниот одбор одржана на 17.03.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXV -та седница на Управниот одбор одржана на 24.03.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXVI -та седница на Управниот одбор одржана на 29.03.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXVII -та седница на Управниот одбор одржана на 31.03.2010 година;*

*Управниот одбор едногласно ги усвои записниците од LXXIII- та седница на Управниот одбор одржана на 10.03.2010 година, од LXXIV -та седница на Управниот одбор одржана на 17.03.2010 година, од LXXV -та седница на Управниот одбор одржана на 24.03.2010 година, од LXXVI -та седница на Управниот одбор одржана на 29.03.2010 година и од LXXVII -та седница на Управен одбор одржана на 31.03.2010 година, заедно со забелешките кои беа вметнати од страна на Др. Љубиша Каранфиловски, со заеднички став во иднина записниците да бидат пократки и посуштествени.*

*Директорката М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, предложи пред да се започне дискусија за првата точка од дневниот ред предходно да се разгледа деветата точка од дневниот ред - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година.*

*Членовите на Управниот одбор го прифатија предлогот на М-р Маја Парнарџиева - Змејкова.*

***ТОЧКА 9** - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година*

*Кристина Христова, директор на одделението за фармација, образложи дека се направени нови пресметки на буџети по Подрачни служби и квоти за аптеките. Истакна дека по консултација со надлежните сектори како и врз основа на податоци од информатичкиот сиситем на Фондот и сите останати*

*расположливи податоци како и фактот дека со ребалансот на буџетот Фондот ќе има дополнителни 1 милијарда денари од кои 200 милиони денари се предвидени за лекови, направени се нови пресметки за прераспределба на буџетот по Подрачни служби и на квоти на аптеки кои требало да важат од 01.07.2010 година. Укажа на тоа дека по насоки добиени директорот на Фондот и директорот на секторот за финансии, во пресметките на буџетот се внесени и реализациите на аптеките за првиот квартал од 2010 година и квотите за вториот квартал од 2010 година. Пресметките се направени по примерот од Секторот за финансии кој при определување на буџетите за сите останати здравствени установи пристапил на истиот начин за пресметка на буџетите и заради тоа месечната квота на аптеките се добива со делење на преостанатиот буџет за распределба по аптеки со бројот 6, колку што остануваат месеци во 2010 година, за кои се распоредува преостанатиот буџет за 2010 година.*

*Директорката М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, повтори дека со ребалансот на буџетот Фондот ќе добие дополнителни 1 милијарда денари од кој 200 милиони денари се предвидени за лековите и поради таа причина се вршат нови пресметки на буџети по Подрачни служби и квоти за аптеките кои имаат договор со Фондот. Истака дека на квоти во рамки на еден град и меѓуградови ќе се видат ефектите од новите цени, за понатаму да се направи вистинска редистрибуција кога ќе се имаат податоците за мај и јуни. Укажа и на тоа дека пресметките се направени согласно Правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средства кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот.*

*Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател; смета дека е во ред ваквите нови пресметки на буџети по Подрачни служби и квоти за аптеките. Истакна дека со оглед на тоа дека ребалансот на буџетот сеуште не е ставен во сила, а квотите треба предходно да се распределат овие 200 милиони денари се прераспределени во рамките на внатрешниот буџет. Во текот на седницата побара подетален преглед на прераспределбата на буџетот по подрачните служби и збирен преглед за квоти на аптеки од 01јули 2010 година, со цел да се види како се движи распоредувањето на квотите, особено во градовите Скопје и Битола и разликата која се појавува со новите пресметки.*

*По завршувањето на дискусијата по точката на дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе:*

*Одлука*
*за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година*

*Пред започнување на дискусијата за деветата точка на дневниот ред, Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија, предложи Управниот одбор да покрене иницијатива за Измени и дополнување на Законот за здравствено осигурување во делот на дефинирање на критериумите за склучување на договор со здравствените установи со рок за 3 месеци, со цел Фондот да ја зајакне позицијата како купувач на здравствени услуги.*

*Членовите на Управниот одбор го прифатија предлогот на Др. Горан Коевски.*

***ТОЧКА 1*** *- Правилник за критериумите за склучување договори и постапката за остварување на правото и начинот на плаќање на здравствените услуги за биомединцинско потпомогнато оплодување во здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита;*

*Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии, го презентираше новиот Правилник за критериумите за склучување договори и постапката за остварување на правото и начинот на плаќање на здравствените услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување во здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита, изготвен од страна работна група на Фондот и гинеколози кои вршат биомедицинско потпомогнато оплодување, со цел да се воспостави ред при пружањето на оваа здравствена услуга од страна на здравствените установи кои вршат биомедицинско - потпомогнато оплодување. Истакна дека со новиот Правилник се воспоставува нов начин на остварување на правото на БПО, при што постапката се поведува по барање на осигуреното лице заедно со образец - предлог кој го пополнува избраниот гинеколог со наведување на сите предходно извршени прегледи и анализи преку подрачната служба на Фондот до Комисијата која ќе биде во рамките на Фондот. Образложи дека Комисијата е составена од четири внатрешни члена вработени во Фондот односно двајца доктори, еден правник и еден економист и три надворешни члена, избрани истакнати медицински стручњаци од областа на гинекологија и акушерството и тоа избран гинеколог како преставник од Лекарска комора, преставник од Клиника за гинекологија и акушерство Скопје и преставник од Комисијата за БПО при Министерство за здравство, како и назначување на кординатор кој ќе*

*провери дали сите потребни документи се обезбедени и комплетираните барања ги проседува на Комисијата. Наведе и тоа  дека дека Комисијата донесува 3 вида на одлуки: позитивна, негативна или осигуреното лице ќе го упати на дополнителни медицински испитувања, по кои повторно ќе се произнесе. Објасни дека  по добивање на известувањето со кое му е одобрено правото на БПО осигуреното лице од избраниот гинеколог прибавува упат за специјалистичко - консултативна здравствена заштита до здравствената установа со која Фондот има договор за БПО, по избор на осигуреното лице и истото може да го оствари во рок од 6 месеци од денот на приемот на известувањето.  Напомена дека со овој Правилник се утврди глобален буџет за БПО за сите здравствени установи кои вршат БПО постапка и имаат договор со Фондот кој се утврдува со Одлука за Управниот одбор на Фондот како лимитиран износ на средства до кој може најмногу здравствените установи да пружаат услуги на товар на средствата на Фондот, односно да фактурираат и на тој начин нема да постои можност за манипулација со осигурените лица кои сакаат да го остварат ова право. Информираше дека Фондот ќе продолжи да води своја евиденција во врска со користењето на БПО и контрола на фактурите кои се доставуваат од здравствените установи.*

*Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија, забележа дека Комисијата е составена и од вработени на Фондот кои не се лекари односно има еден правник и еден економист и праша колку истите се стручни за да можат да дадат стручно мислење врз основа на кое се одлучува дали осигуреното лице има право на БПО постапката. Смета дека на овој начин поголема е тежината на одучувањето на надворешните членови во поглед на стручноста.*

*Татјана Лукановска, објасни дека при одлучувањето на составот на Комисијата се појде од тоа дека покрај двајца доктори вработени во Фондот да има вклуено и правник кој ќе ја следи целокупната постапка за БПО да биде во согласност со законсите и подзаконсите акти како и  економист кој ќе ги следи буџетските средства за таа намена со оглед на тоа дека истите се лимитирани. Напомена дека работата на Комисијата е прецизно дефинирана во Правилникот каде се наведени точно кој прегледи и анализи треба да ги изврши осигуреното лице, а Комисијата ќе цени врз основа на приложената документација и дека истите ќе се менуваат на шест месеци.*

*Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија, смета дека во поглед на стручноста во областа на гинекологијата и акушерството, Фондот треба да побара помош од Лекарската комора како сериозна институција и од Министерството за здравство.*

*Елена Трпковска, се надоврза на дискусијата и истакна дека треба Комисијата да се состои од лица кои ќе бидат стручни за да можат да дадат свој наод, оценка и мислење во форма на стручно мислење дали осигуреното лице има право на БПО постапка и поради тоа смета дека во Комисијата не треба да има правник и економист.*

*Директорот Јанез Јелникар, објасни дека остварувањето на правото на БПО е пропишана процедура наведена во овој Правилник која опфаќа повеќе аспекти на стручност која не е само од медицински аспект. Поради тоа смета дека составот на Комисијата не треба да биде само од доктори туку и од правник кој ќе се грижи да биде запазена процедурата за остварувањето на правото на БПО и економист кој ќе ги следи лимитираните финансиски средства на Фондот за таа намена.*

*Директорката М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, го подржа мислењето на директорот Јанез Јелникар. Објасни дека до сега целокупната работа околку комплетирањето на документацијата е во рацете на медицинските сестри во здравствените установи, а со воведување на Комисија во која ќе има стучњаци од повеќе области секој ќе има точно дефинирана улога.*

*Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот, предложи во делот на составот на Комисијата кој се однесува на надворешните членови да се брише зборот приватни и да се додаде здравствени установи кои вршат БПО постапка.*

*По завршувањето на дискусијата која се однесуваше на составот на Комисијата, членовите на Управниот одбор едногласно го донесе следниот:*

***Заклучок:*** *Комисијата за остварување на правото на БПО да биде составена од четири члена со заменици од кои двајца лекари вработени во Фондот и двајца избрани истакнати стручњаци од обласа на гинекологијата и акушерството и тоа избран гинеколог како преставник од Лекарската комора и преставник од редот на здравствените установи кои вршат БПО од Комисијата за БПО при Министерството за здравство. Исто така наместо кординатор да се определи секретар и негов заменик кој ќе ги рагледува документите дали се комплетни и ќе ги проследува до Комсијата.*

*Дискусијата продолжи и за останатите одредби од Правилникот.*

*Др. Љубица Јосифовска,стручен соработник во одделението за преговарање и договарање, повикана да даде свое стручно медицинско мислење во врска со*

*апсолутните медицински индикации наведени во член 6 точка 10 од Правилникот, објасни дека се работи за траење на необјаснета неплодност подолга од 3 години по неуспех на други методи на лекување на индикација на овулација со IUI спроведена 4 пати во здравствена установа која има дозвола за работа од Министерство за здравство односно без IUI спроведена 4 пати во случај на непостоење на дисфункција на машкиот партнер.*

*Членовите на Управниот одбор предложија даденото објаснување на Др. Љубица Јосифовска да биде прецизирано во Правилникот.*

*Д-р Горан Коевски, имаше забелешка и во делот на преодните и завршните одредби на Правилникот каде е наведено истовременото важење на двата правилника. Даде свои прелог како да се формулираат тие одредби и истите беа прифатени со обврска работната група да ги внесе во Правилникот.*

*По завршувањето на исцрпната дискусијата по точката на дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе:*

*Правилник*
*за критериумите за склучување договори и постапката за остварување на правото и начинот на плаќање на здравствените услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување во здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита*

***ТОЧКА 2*** *- Барање за остварување на правото за биомедицинско потпомогнато оплодување (БПО)*

***ТОЧКА 3*** *- Протокол за БПО на товар на средствата на Фондот за здравствено осигурување*

*Директорката М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, објасни дека барањето за остварување на правото на биомедицинско потпомогнато оплодување (БПО) и протокол за БПО на товар на средствата на Фондот за здравствено осигурување, ќе се применуваат по стапување во сила на новиот Правилник за БПО и истите ги донесува Управниот одбор на Фондот и не се составен дел на Правилникот.*

*Со оглед на тоа дека членовите на Управниот одбор барањето за БПО и протоколот го добија непосредно пред започнувањето на седницата на Управниот одбор, едногласно одлучија истите да бидат симнати од дневниот ред и за нив да се одлучува на наредната седница на Управниот одбор.*

*Се задолжија стручните служби на Фондот да направат подобра формулација на барањето за БПО односно да се предвидат полиња кои ќе може осигуреното лице да го заокружи.*

*ТОЧКА 4 - Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Мала Богородица- Систина Скопје, за месец август 2010 година за здравствени услуги од областа на БПО, Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Општа болница Ремедика Скопје, за месец август 2010 година за здравствени услуги од областа на БПО, Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Плодност Битола, за месец август 2010 година за здравствени услуги од областа на БПО, Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Ултрамедика Скопје, за месец август 2010 година за здравствени услуги од областа на БПО, Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Др. Органџиски Штип, за месец август 2010 година за здравствени услуги од областа на БПО и Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Св. Лазар Хоспитал Скопје, за месец август 2010 година за здравствени услуги од областа на БПО*

*Директорката М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, наведе дека до членовите на Управниот одбор се доставува предлог буџет на здравствените установи кои вршат здравствени услуги за БПО кој се однесува за месец август 2010 година вклучувајќи го и ПЗУ Св.Лазар Хоспитал Скопје кој ќе склучи договор со Фондот од 01 август 2010 година, при што не се крати буџетот на оставатите здравствени установи туку само се дополнува со уште една здравствена установа.*

*Д-р Беким Сали, исткана дека во Министерството за здравство постои иницијатива да се издава дозвола за работа во областа на БПО само на здравствени установи регистрирани како болници, со цел пружање на поквалитетна здравствена услуга на осигурените лица.*

*По завршувањето на дискусијата по точката на дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе:*

*Одлука*
*за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Мала Богородица- Систина Скопје, за месец август 2010 година за здравствени услуги од областа на БПО*

*Одлука*
*за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Општа болница Ремедика Скопје, за месец август 2010 година за здравствени услуги од областа на БПО,*

*Одлука*
*за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Плодност Битола, за месец август 2010 година за здравствени услуги од областа на БПО,*

*Одлука*
*за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Ултрамедика Скопје, за месец август 2010 година за здравствени услуги од областа на БПО,*

*Одлука*
*за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Др. Органџиски Штип, за месец август 2010 година за здравствени услуги од областа на БПО*

*Одлука*
*за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Св. Лазар Хоспитал Скопје, за месец август 2010 година за здравствени услуги од областа на БПО*

*ТОЧКА 5 - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко - консултативната здравстена заштита*

*Татјана Лукановска, објасни дека како резултат на анализата направена од страна на стручната служба при Фондот се утврди дека е потребно намалување на дел од референтните цени на сервисните услуги кои се користат во болничката здравствена заштита. Ваквите референтни цени се резултат од направената споредба помеѓу 6 лаборатории и ЈЗУ Клиника за клиничка лабораторија кои во најголем број имаат пониски цени од постојаните референтни цени утврдени од страна на Управниот одбор. Поради тоа укажа на тоа дека Фондот предлага намалување на референтните цени на 54 услуги од вкупно 162 односно на 33,3% од услугите*

*во просек за 18,5%. Истакна дека е направена дополнителна анализа на 18 лаборатории за тоа како ново формираните цени ќе влијаат на финансиската состојба на лабораториите и се дошло до заклучок дека со новите пониски цени лабораториите ќе бидат во можност да прижаат поголем број на услуги на поголем број на пациенти.*

*Директорката М-р Маја Парнарциева - Змејкова, објасни дека лабораториите имаат потпишано договор со Фондот кој важи до септември 2010 година и откако поминаа неколку месеци се создаде една реална слика колку истите факурираат на Фондот. Истакна дека во овој период е најповолно да се дефинираат цените и да се види во која насока ќе се оди во септември.*

*Татјана Лукановска укажа и на тоа дека по извршената анализа од страна на Фондот по барање на Клиниката за анестезија, реанимација и интезивно лекување - КАРИЛ се предлага зголемување на референтната цена на дел од сервисните услуги кои тие ги нудат во делот за реанимација и интезивно лекување. Истакна дека со новите референтни цени по направените пресметки остварувањето би се зголемило до 17.6 милиони денари на квартално ниво, со што би се обезбедило реално прикажување на нивните трошоци за направените услуги и анулирање на разликата помеѓу фактурираните и буџетираните средства. Укажа и на тоа дека во дејноста радиологија по барање на Клиниката за радиологија се додава ентероклиза како здравствена услуга, која не е опфатена со стариот Ценовник на здравствени усуги, а се користи како метода повеќе години.*

*По завршувањето на дискусијата по точката на дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе:*

*Одлука*
*за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко - консултативната здравстена заштита*

***ТОЧКА 6** - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски*

*Татјана Лукановска, истакна дека предлог измените се однесуваат за пакети на завршени епизоди на лекување и тоа за дополнување на пакетот за општа хирургија со еден нов пакет за повеќе од 3 преврски потребни за*

*пациентите со дијабетис, како и во делот на психијатриската дејност се предлагаат пакети само за психијатриска седница односно три посебни пакети наместо еден кој преставува комбинација од 1-2 психотераписки седници и дополна на две услуги од интернистичка дејност како посебни завршни услуги со референтни цени како едни од почесто користените услуги, кои можат да се комбинираат со некој од основните пакети или да се користат посебно.*

*Управниот одбор без да навлегува во дискусија, едногласно донесе:*

*Одлука*
*за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски*

***ТОЧКА 7*** *- Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на Приватната здравствена установа „Дијамед“ - Скопје за третирање на осигурените лица со хемодијализа во третиот квартал на 2010 година*

*Татјана Лукановска, објасни дека Фондот има склучено договор со ПЗУ „Дијамед„Скопје за третирање на осигурените лица со хемодијализа за период од 10 мај 2010 година до 31 март 2011 година со кој договорниот надоместок е утврдено да се определува етапно во фази. Во првата фаза за перидот мај-јуни 2010 година, договорениот надоместок е утврден за 40 најитни осигурени лица од Скопје, лицата кои патуваат во Струга кои се на листа на чекање и доброволно би се вратиле во Скопје, лицата кои патуваат во другите центри во Републиката како и лицата кај кои се завршени припремите за хемодијализа. Врз основа на предходно направени анализи и согледувања предложи договорниот надоместок за третирање на осигурените лица со хемодијализа за да се утврди во износ од 14.541.065 денари за 70 осигурени лица, од кои лицата кои веќе се вкучени во третманот со хемодијализа во оваа здравствена установа и нови осигурени лица кои дополнително ќе бидат вклучени. Истакна дека со вкучување на дополнителни 30 осигурени лица во периодот од 01 јуни до 30 септември 2010 во втората етапа се овозможува прифаќање на новите осигурени лица од листата на чекање, како и подобрување на проблемот со третирање на осигурените лица со хемодијализа и со преминување на осигурените лица во Дијамед Скопје, не би имало потреба од третата смена во Железара Скопје.*

*Елена Трпковска, укажа на тоа дека за многу краток период се определува нов договорен надоместок за ПЗУ „Дијамед„ Скопје кој опфаќа дополнителни 30*

*осигурени лица за третман со хемодијализа и смета дека тоа е сега преголема обврска која Фондот треба да ја преземе и да ги обезбеди тие финансиски средства на здравствената установа, со оглед на тоа дека не знае со колкави финансиски средства ќе располага наредната година.*

*Татјана Лукановска, објасни дека утврдениот договорен надоместок е втора етапа која произлегува од склучениот договор со ПЗУ „Дијамед„ Скопје и е утврден врз основа на поголем број состаноци со менаџерите на Јавните здравствени установи како и со преставници од Здружението Нефрон како и врз основа на изготвени повеќе анализи и согледувања за потребите од хемодијализа во тековната 2010 година.*

*Елена Трпковска, праша зошто оваа Одлука не се разгледа во септември или октомври, за да се има време да се види со колку финасиски средства ќе располага Фондот.*

*Татјана Лукановска, одговори дека постои интерес во ПЗУ „Дијамед„Скопје да обезбеди третман за хемодијализа за уште 30 осигурени лица и дека средствата ќе му бидат исплатени со буџетот за наредната година.*

*Директорката М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова објасни дека Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на Приватната здравствена установа „Дијамед„ Скопје за третирање на осигурените лица со хемодијализа, би се овозможило на Јавните здравствени установи во кои осигурените лица на Фондот се третираат со хемодијализа да им се остави време да го подмират своите долгови како и укинување на третата смена која е воведена во Железара, а од 01 јануари 2011 година ќе им се намали буџетот.*

*Елена Трпковска, предложи дека Одлуката треба да се донесе кога ќе се намалат буџетите на Клиниките и дека сега треба да остане третманот за хемодијализа да се врши на постоечките 40 осигурени лица во ПЗУ „Дијамед„ Скопје.*

*По исцрпната дискусија Управниот одбор едногласно го донесоа следниот:*

***Заклучок:*** *Членовите на Управниот одбор го прифатија предлогот на претседателот Елена Трпковска и едногласно одлучија дека договорниот надоместок за ПЗУ „Дијамед„ Скопје за периодот од 01 јули до 30 септември 2010 година ќе се однесува за третман со хемодијализа на веќе утврдените 40 осигурени лица.*

*Се задолжи стручната служба на Фондот да направат нова пресметка за договорниот надоместок за ПЗУ „Дијамед„ Скопје.*

*Во септември или откомври 2010 година Управниот одбор повторно ќе разгледува за договорниот надоместок за ПЗУ „Дијамед„ Скопје и за бројот на осигурените лица на кои ќе им се врши третман со хемодијализа, кога ќе се види со колку финансиски средства Фондот ќе располага.*

*ТОЧКА 8 - Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната здравствена заштита за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година*

*Татјана Лукановска, образложи дека согласно конечната документација за склучување на нови договори за специјалистичко консултативни услуги со Приватните здравствени установи за кои беа усвоени надоместоци на предходната седница на Управниот одбор, направена е корекција на договорениот надоместок кај одделни ПЗУ. Укажа дека пресметката за корекција е направена врз основа на бројот на тимовите и остварувањето на здравствените услуги на тимовите од предходната година и по минималниот месечен договорен надоместок од 72.000 денари за новите тимови. Истакна дека промената на договорните надоместоци за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 на овие ПЗУ кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита, се врши заради усогласување на бројот на тимовите согласно најновите податоци за склучување на договори и ПЗУ кои не склучиле договори како на пример за ренген дијагностика иако доставиле понуда. Нагласи дека е определен и договорниот надоместок и за 4 здравствени установи кои дополнително доставиле понуда за склучување на договор со Фондот и дека измената на договорниот надомест предизвикува позитивен финансиски ефект од 4 милиони денари.*

*Директорката М-р Маја Парнарциева - Змејкова, праша дали со овој позитивен финансиски ефект од 4 милони денари би можело да се склучат договори и со нови ПЗУ специјалисти за наредниот месец.*

*Управниот одбор во врска со прашањето на Директорката М-р. Маја Парнарциева - Змејкова, го донесе следниот:*

***Заклучок:** за новите барање треба стручните служби на Фондот да направат дополнителни финансиски анализи кои ќе бидат презентирани на Управниот одбор.*

*Во врска со предлогот за измена на договорниот надоместок на ПЗУ кои вршат специјалистичко - консулатаивана здравствена заштита за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година, едногласно ја донесе следната*

*Одлука*
*за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната здравствена заштита за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година*

**ТОЧКА 10** - *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Лидија Маркузанова, раководител на секорот за човечки ресурси, објасни дека со измените и дополнувања на Правилникот за организација и систематизација на работните места во ФЗОМ се менува називот на секторот за финансии во секор за финансиски прашања и извршувањето на работите во секторот за финансиски прашања се организира во: одделение за буџетска координација, преговарање и договорање, одделение за план и анализа, одделение за буџетска и финансиска контрола и одделение за сметководство и трезор. Укажа и на тоа се прават измени и во секторот за информатика каде се додава програмер за трезорско работење каде ќе има 2 извршители и администратор на база на податоци со еден извршител како и отварање на ново одделение за електронска здравствена картичка согласно потребите на Фондот и зголемениот обем на работа.*

*Елена Трпковска, праша дали вработувањата на ново отворените места ќе биде некои од лицата кои се привремено вработени со цел да се намали нивниот број и да се реши нивниот статус.*

*Лидија Маркузанова, истакна дека Фондот има 160 привремно вработени и се грижи нивниот статус да биде решен за што има и поднесено барање за согласност за вработување на тие лица до Министерството за финасии.*

*По завршување на дискусијата по точката на дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе:*

*Правилник*
*за изменување и дополнување на правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*ТОЧКА 11 - Информација за наплата на досудени судски трошоци*

*Лидија Маркузанова, го информираше Управниот одбор дека поради спроведувањето на технолошкиот вишок во 2003 година на 113 вработени им престана работниот однос во Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Подрачните служби на Фондот, при што од нив 67 вработени незадоволни од донесените решенија повеле судска постапка пред надлежните судови против решенијата за престанок на работен однос. Истакна дека Фондот склучи договор со адвокат заради застапување на Фондот во овие судски постапки и дека од вкупно 70 судски постапки во кои влегуваат 3 судски предмети по тужби од работен однос по друг основ, 60 предмети се добиени во корист на Фондот, по 5 предмети се склучени вонсудски спогодби, 1 предмет е изгубен и 1 предмет не е завршен. Истакна дека за судските предмети кои се досудени во корист на Фондот, досудените судски трошоци со камата Фондот има право да ги наплати со законски утврдена камата од тужителите кои ги изгубиле споровите. Истакна дека Фондот заради спроведување на постапката за наплата на досудените судски трошоци изготви текст на Договор кој ќе им биде понуден на лицата кои како тужители го изгубиле спорот со Фондот и имаат обврска да ги надоместат судските трошоци со пресметана затезна камата од денот на правосилноста на пресудите.*

*Директорката М-р Маја Парнарциева - Змејкова објасни дека во извештајот од Државниот завод за ревизија е нотирано дека Фондот треба да спроведе постапка за наплата на досудените судски трошоци од лицата кои го изгубиле спорот со Фондот и поради тоа Фондот со цел да им излезе во пресрет ќе им понуди Договор каде истите можат да плаќаат на рати бидејќи во спортивно трошоците ќе треба да се наплатат со извршител.*

*Др. Горан Ковески имаше забелешка во насловот на Информацијата и на Договорот односно нивно допрецизирање што ќе биде веднаш нотирано од страна на стручните служби на Фондот.*

*Управниот одбор беше запознат со информацијата за наплата на судските трошоци и продлжи понатаму со другите точки на дневниот ред.*

*ТОЧКА 12 - Годишен извештај на ФЗОМ за 2009 година*

*Директорката М-р Маја Парнарциева - Змејкова, ги запозна членовите на Управниот одбор со содржината на годишниот извештај на Фондот за 2009 година како официјален документ во кој е сублимирано целокупното работење на Фондот во 2009 година со споредбена анализа од предходните години.*

*По излагањето на директорката, Управниот одбор едногласно го усвои Годишниот извештај и донесе*

*Одлука*
*за усвојување на Годишниот извештај за 2009 година за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***ТОЧКА 13*** *- Барање од Коалицијата на здруженија на граѓани*

*Директорката М-р Маја Парнарциева - Змејкова, објасни дека при средбата со Коалицијата на здруженија на граѓани доставиле иницијатива за присуство на нивни преставници на состаноците на Управниот одбор на Фондот за прашања кои се од интерес за пацинетите при што истите не би имале право на глас и на финансиски надомест.*

*Елена Трпковска, истака дека во Управниот одбор согласно Законот за здравствено осигурување има престаник од Организацијата на потрошувачите на Македонија, кој ги застапува и интересите на пациентите.*

*Управниот одбор едногласно го донесе следниот:*

***Заклучок:*** *Да се достави допис од страна на Фондот до Коалицијата на здруженија на граѓани со насока да се обратат до Организацијата на потрошувачите на Македонија.*

***ТОЧКА 14*** *- Информација за терцијална дејност*

*Татјана Лукановска ги информираше членовите на Управниот одбор за истражувањата направени во земјите од регионот како Хрватска и Словенија кои имаат воведено терцијар како финансирање на дополнителни трошоци за научно - истражувачка и едукативна дејност и дека стручната служба на Фондот подготви анализа за сличен систем на дополнително финансирање во Република Македонија. Објасни дека терцијалната дејност опфаќа највисока здравствена заштита, истражување, развој и воведување нови знаења во областа на националната патологија но и пренос на знаење и усовршување во процесот на работа на здравствените установи. Наведе дека еден дел од терцијалната дејнсот се однесува на учење, оспособување за посебни знаења и развој и истражувања за напредок на здравствената заштита, а другиот дел опфаќа највисок степен на оспособување на здравствените тимови на ниво на субспецијализација. Истакна дека ова е само предлог во која насока се размислува за понатаму како некој следен чекор.*

*ТОЧКА 15 - Разно*

*15.1 Преглед на буџетска пресметка за 2010 година*

*Директорката М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, ги информираше членовите на Управниот одбор доставувајќи им преглед на буџетска пресметка каде подетално се наведени приходите и расходите кои ги има Фондот за 2010 година.*

*15.2 Одлука за измена и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.*

*Директорката М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, истакна дека се врши измена во Планот за јавни набавки и во Класа 1. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки се брише позицијата бр.16 „Друга опрема„ и се додава нова позиција „Клима уреди„ со очекуван почеток во јуни 2010 година, поради настаната промена на потребата.*

*Без навлегување во дискусија, членовите на Управниот одбор едногласно ја донесоа следната*

*Одлука*
*за измена и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*15.3. Барање од Др. Катерина Јовановска од ПЗУ Мултимед Плус Поликлиника Ѓорче Петров Скопје*

*Управниот одбор во врска со барањето на Др. Катерина Јовановска од ПЗУ Мултимед Плус Поликлиника Ѓорче Петров Скопје, го донесе следниот*

***Заклучок:** За наредната седница на Управниот одбор од страна на правната служба на Фондот да се достави информација во врска со барањето на Др. Катерина Јовановска со цел Управниот одбор да се запознае со фактичката состојба и со текот на настаните наведени во нејзиното барање.*

*Со тоа дневниот ред беше исцрпен и Управниот одбор заврши со работа во 18.30 часот.*

***Записничар,***
***Даниела Јовческа - Ѓуровска***

***Управен одбор***
***Заменик на претседателот,***
***Ирфан Хоџа***